Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"-СКОПЈЕ
МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 02-2011/3
14-11-2019 20 год.
СКОПЈЕ

# ОСНОВНИ ИНФОРМАЦИИ

## за изборите за членови и претседател на Факултетско студентско собрание на Машинскиот факултет во Скопје

БРОЈ НА ПРЕТСТАВНИЦИ И ТРАЕЊЕ НА МАНДАТ

Факултетското студентско собрание на Машинскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје е тело на Факултетот кое брои 25 (дваесет и пет) членови – претставници на студентите. Еден член е претседателот на Собранието.

Мандатот на членовите и на претседателот на Факултетското студенско собрание трае една година, со право на уште еден избор.

Изборот на членовите и на претседателот на Собранието се одржува секоја година во термин што ќе се утврди со Статутот на Универзитетското студентско собрание.

Мандатот на членовите и на претседателот на Факултетското студентско собрание избрани на изборите спроведени во тековната 2019/2020 учебна година, согласно преодните и завршните одредби на Законот за високото образование („Сл. Весник на РМ" број 82/2018) може да трае пократко или подолго од една година, но не повеќе од 18 месеци, во зависност од терминот кој ќе биде утврден во Статутот на Универзитетското студентско собрание како период за одржување на редовни избори.

ПРАВО НА УЧЕСТВО ВО ИЗБОРИ И ИЗБОР НА ЧЛЕНОВИ И ПРЕТСЕДАТЕЛ

Право да избираат и да бидат избрани за членови на Факултетското студентско собрание имаат сите студенти на Факултетот кои се запишани на студии во тековната учебна година во која се вршат изборите, односно кои го запишале зимскиот семестар во учебната 2019/2020 година.

За претседател на Собранието може да биде избран редовен студент на Факултетот кој ги положил сите испити заклучно со третиот семестар предвидени во студиската програма на која е запишан.

За избрани членови и претседател на Факултетското студентско собрание се сметаат кандидатите, односно кандидатот кои добиле најмногу гласови од студентите кои гласале.

НАЧИН НА ИЗБОР

Членовите и претседателот на Факултетското студенско собрание се избираат на непосредни и тајни избори кои ги спроведува Изборната комисија.

Предлагањето на кандидати за членови и претседател на Факултетското студентско собрание се врши на собирите на студентите на студиските програми на прв, втор и трет циклус студии на Факултетот.

За кандидат за член на Собранието може да биде предложен или да се кандидира секој студент кој е запишан во зимскиот семестар во учебната 2019/2020 година.

За кандидат за претседател на Собранието може да биде предложен или да се кандидира секој редовен студент кој е запишан во зимскиот семестар во учебната 2019/2020 година и кој ги положил сите испити заклучно со третиот семестар предвидени во студиската програма на која е запишан.

Кандидат за член на Студентското собрание не може во исто време да биде и кандидат за претседател на Собранието.

Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Република Северна Македонија Скопје МАШИНСКИ ФАКУЛТЕТ

ИЗБОРНА КОМИСИЈА